**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** **ОДУ бр.255/20**
**НОТАР** **Извод**
**ЗАРИЈА АПОСТОЛОВА**
Неготино,ул. „ Ацо Аџи Илов“ бр.15А
21.09.2020 год.

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------**НОТАРСКИ АКТ**------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Јас, **Нотар Зарија Апостолова** со службено седиште во Неготино на улица „Ацо Аџи Илов“ бр.15А, за Нотарско подрачје на Основен суд Неготино, по доставената писмена покана од Друштво за производство и промет Винарска Визба ПОПОВА Кула АД Демир Капија, со седиште на Булевар на Виното бр.1 Демир Капија, да присуствувам на седница на Вонредно Собрание на акционери на Друштвото на ден 21/09/2020 година, со почеток во 10 часот, на ул. Булевар на виното бр.1 Демир Капија во просториите на друштвото, заради првземање на службено дејствие, согласно член 73од Закон за нотаријатот и член 384,385,386,407 од Закон за трговски друштва,а во врска со член 298 од истиот закон, како повикан нотар да потврдам Одлуки на Собрание на друштвото, поради што го сочинив следниот----------------------------------------------------------------------------------------------------

---------------**ЗАПИСНИК ЗА ТЕКОТ НА СЕДНИЦАТА НА ВОНРЕДНО**------------------
--------- **ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИТЕ НА ВИНАРСКА ВИЗБА** -------
------------------------------------ **ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија**-------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Пред почетокот на седницата на Воредното Собранието од страна на Извршниот член на Одборот на директори Извршен Директор со неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет ЈОРДАН ТРАЈКОВ од Демир Капија,со стан на живеење на улица „Партизанска “ бр.7,чиј што идентитет го утврдив со увид во тековна состојба на друштвото и увид во лична карта број А1643033 издадена од МВР Неготино на ден 08.02.2013 година и ЕМБГ 0202969483000, ми беа предочени следните исправи кои се составен дел на овој записник:-----------------------------------------------------------------------------

Тековна состојба издадена од Централен Регистар на Р.С. Македонија под бр.0805-50/155020200045013 од 21.9.2020 година.------------------------------------------------------------------

Покана до нотар да биде записничар на вонредно годишно собрание на акционери на ВВ Попова Кула АД Демир Капија;------------------------------------------------------------------------

Јавен повик објавен во дневниот весник Нова Македонија за учество на вонредото годишно собрание на акционери на Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија, Булевар на виното бр.1 Демир Капија, што ќе се одржи на 21.09.2020 година (понеделник), со почеток во 10 часот во Демир Капија, простории на ВВ Попова Кула АД, со утврден дневен ред.-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Статут на Друштвото за производство и промет Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија(пречистен текст), од кој утврдид дека Друштвото има 2.700.000 обични акции и номинална вредност на акциите е 1Евро по курс од 61,50 денари од кое утврдив дека Собранието може да работи односно има кворум за работа ако на седницата присуствуваат верификувани учесници на собранието кои поседуваат најмалку мозинство од вкупниот број на акционерите со право на глас.---------------------------------------------------

Список на акцинери присутни на Собрание на Друштво за производство и промет Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија.------------------------------------------------

Акционерска книга на Друштвото со дата од 19.09.20209 година 13:33:21,издадена од Централен депозитар за хартии од вредности АД Скопје кое се води под ISIN: MKPOPK101014, од кое утврдив дека Издавачот Друштво за производство промет Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија издало акции итоа: Вид:обични акции ;Номинална вредност по ХВ 61.5 МКД; Вкупен број на ХВ 2700000; Вкупен номинален капитал 166050000МКД;Број на гласови 2700000;Состојба активен Број на иматели 755;Број на сопственички позиции:756;Права на емисијата:Обични акции;---------------------

Од Пријавата на присутните акционери на седницата кој е прилог кон овој Нотарски акт, утврдив дека на седницата се присутни вкупно 7(седум) акционери,со вкупно 1.578.912 акции со право на глас и тоа: 1.**ДАНЕВ ЗЛАТКО** од Кавадарци, ул.Прилепска бр.28, со ЕМБГ 1410969483006,со лична карта бр.А2339675 во својство на акционер-сопственик на 2433 (двестачетириесетитри ) обични акции на Винарска Визба Попова Кула АД Демир

Капија,2.**ГРИГОРИ ПОПОВСКИ** од Скопје, ул.Анкарска бр.23/24 со ЕМБГ0204952450063, со лична карта бр.А1266875во својство на акционер-сопственик на 88603 (осумдесетиосумилјадишестотиниитри)обични акции на Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија; 3.**ЗОРАН КОЛЕВ** од Скопје, ул.Димитрије Чуповски бр.19/1-92, со ЕМБГ 1103966450112, со лична карта бр.А2375681во својство на акционер-сопственик на 15000 (петнаесетилјади)обични акции на Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија; 4.**ГОРДАНА ТРАЈКОВА** од Скопје, ул.Њу Делхиска бр.4-3/9, со ЕМБГ 1005974488006 во својство на акционер-сопственик на 30000 (триесетилјади)обични акции на Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија; 5.**ЈОРДАН ТРАЈКОВ** од Демир Капија, ул.Партизанска бр.7, со ЕМБГ 0202969483000 со лична карта бр.А1643033 во својство на акционер-сопственик на 153(стопедесетитри)обични акции на Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија; 6.**ТИХОМИР МУКАЕТОВ** од Скопје, ул.Партизански одреди бр.4, со ЕМБГ 2502946450033со лична карта бр. А0802053 во својство на акционер-сопственик на 2160 (двеилјадистошеесет)обични акции на Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија; 7.**Друштво за производство, промет и конаслтинг ИНТЕКО ДОО увоз-извоз Скопје,** со седиште на ул.Даме Груев бр.5-7/14 Скопје, со ЕМБС 5781795,со ЕДБ 4030003484689, според тековна состојба бр. 0805-50/155020200045018 од 21.9.2020 година, претставувано од Управителот Гордана Трајкова во својство на акционер-сопственик на 1.365.576 (еденмилионтристашеесетипетилјади петстотиниседумдесетишест)обични акции на Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија;Или вкупно 1.503.925(еденмилионпетстотинитриилјадидеветстотинидваесетипет)во проценти 55,7 % (педесетипетзапирка седумпроценти)------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Седницата започна во 10 часот и 00 минути и ја отвори Актуелниот претседавач Тихомир Мукаетов,кој го прочита дневниот ред на ова Собрание и кој што беше едногласно прифатен;----------------------------------------------------------------------------------------------------

Собранието работеше по следниот дневен ред:------------------------------------------------------

I.Процедурален дел:----------------------------------------------------------------------------------------

1. Отворање на Собраието ;------------------------------------------------------------------------------

2.Избор на работни тела :-------------------------------------------------------------------------------------

Избор на претседавач на собранието на Друштвото.-------------------------------------------------

Избор на записничар и двајца заверувачи на Записникот.------------------------------------------

3.Избор на верификациона комисија.------------------------------------------------------------------

4.Верификација на список на присутни акционери/полномошници и утврдување на кворум за работа и одлучување.--------------------------------------------------------------------------------------

5.Утврдување на дневен ред од работен дел.----------------------------------------------------------

II.Работен дел.-----------------------------------------------------------------------------------------------

Усвојување на записникот од акционерското собрание одржано на 12.08.2020 година.-------

Промена на постоечки договори за позајмица со поврзани лица.-----------------------------------

Предлог-Одлука за промена на постоечки договори за позајмица.---------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Веднаш се пристапи кон избор на работни тела:Се предложи Тихомир Мукаетов за претседавач на Собранието на друштвото. Се пристапи кон гласање, за изборот за Тихомир Мукаетов за претседавач,7(седум)гласаа „ЗА", против нема, Воздржани нема или по број на гласови 1.503.925 гласа.------------------------------------------------------------------------------------

За претседавач е избран Тихомир Мукетов.---------------------------------------------------------------

Избор на записничар и двајца заверувачи на Записникот.------------------------------------------

Собранието со едногласно гласање за записничар го избра нотар Зарија Апостолова од Неготино или по број на гласови 1.578.912 гласа.---------------------------------------------------

3. Избор на верификациона комисија.--------------------------------------------------------------------

Се предложија двајца членови на верификационата комисија 1.Зоран Колев и Гордана Трајкова кои беа едногласно избрани или со број на гласови од 1.578.912.----------------------

4.Верификација на списокот на присутни акционери/полномошници и утврдување на кворум за работа и одлучување.---------------------------------------------------------------------------

Претседавачот изврши верификација на списокот на присутните акционери и утврди дека во моментот на акционерското собрание има акционери со 1.578.912 гласа или во проценти 55,7 %(педесетипетзапирkaседум) проценти.------------------------------------------------------------

Претседавачот констаира дека има кворум за работа и за полноважно одлучување -----------

Потоа претседавачот ја започна седницата-нејзиниот работен дел.--------------------------------

Бидејќи нема доставено дополнување на дневниот ред се пристапи кон гласање на невниот ред.Дневниот ред беше едногласно усвоен и никој од присутните акционери не се јави за дискусија.-----------------------------------------------------------------------------------------------

**Точка 1(еден): Усвојување на записникот од акционерското собрание одржано на 12.08.2020 година**:----------------------------------------------------------------------------------------

Предлог-Одлука за усвојување.-------------------------------------------------------------------------
Се отвори дискусија и бидејќи никој не се јави за збор се затвори дискусијата.Потоа се пристапи кон гласање, при што присутните јавно со кревање рака од вкупните 1.503.912 гласа, „ЗА " гласале вкупно 1.503.925 гласа, „ВОЗДРЖАНИ" нема „ПРОТИВ" нема.---------
Врз основа на вака спроведената постапка за гласање и соопштените резултати од гласањето, Претседавачот со Собранието на ВВ Попова Кула АД Демир Капија, констатираше дека Собранието ја донесе следната:---------------------------------------------

--------------------------------------------------**О Д Л У К А** -------------------------------------------

**СЕ УСВОЈУВА Записникот од акционерското собрание на Попова Кула АД Демир Капија одржано на 12.08.2020 година**-------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Точка 2(два) : Промена на постоечки договори за позајмици со поврзани лица.**----------

Предлог-Одлука за промена на постоечките договори за позајмица.------------------------------
Се отвори расправа.За збор се јави Извршниот Директор на Друштвото Винарска Визба Попова Кула Јордан Трајков,кој констатираше Григори Поповски како заинтересирана страна не треба да гласа за првите три Предлог-одлуки ,а Јордан Трајков и Гордана Трајкова не треба да гласаат како заинтересирани страни за 4(четвртата)Предлог-одлука.---
За дискусија се јави Зоран Колев кој истакна дека за гласање по оваа точка на дневен ред треба да има објаснување според извештајот за ревизија.-------------------------------------------
Јордан Трајков истакна дека извештајот за ревизија е даден од ЕЛИТ ДООЕЛ Скопје и ги има проверено зделките и според нивно мислење, врз основа на извршените процедури при ангажман за разумно уверување, Зделките со заинтересирани страни кои се предмет на одобрување на ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија како заемопримач на заем од заемодавач по:------------------------------------------------------------------------------------------
Предлог-Договор за одобрување на зделка со заинтересирана страна-Григори Поповски;----
Предлог-Договор за одобрување на зделка со заинтересирана страна-Алексеј Поповски;----
Предлог-Договор за одобрување на зделка со заинтересирана страна –Сузана Поповска;----
Предлог-Договор за одобрување на зделка со заинтересирана страна-Јордан Трајков;-------
На годишното Собрание за ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија, базирања на тврдења на одговорната страна се реално и објективно искажани во сите материјални аспекти,а особено што:-------------------------------------------------------------------------------------------
-Зделките со заинтересирани страни се во согласност со важечките законски прописи на земјата;-------------------------------------------------------------------------------------------------
-Зделките со заинтересирани страни се фер, односно вредностите и условите се утврдени според пазарните услови кои се во согласност со важечките прописи;---------------------------
-Не постои несразмер во взаемните давања на страните;--------------------------------------------
-Не постојат некои други фактори и околности кои би можеле да претпоставуваат основ за причинување на штета;----------------------------------------------------------------------------------
-Во досегашните Финансиски Извештаи на ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија, се реално прикажани врските и зделките со заинтересираните страни. Меѓусебните односи со поврзаните страни се прикажани во Белешка 25 од Финансиските Извештаи за 2019 година и ревизорите на овие Финансиски Извештаи не изразиле квалификација по ова прашање.---
-Не постои ризик фактори при реализирање на предметните зделки со заинтересираните страни, особено од можната измама или манипулација.---------------------------------------------
Врз основа на горенаведеното, се дава подршка малцинските акционери на Друштвото да ги подржат зделките на седницата на Годишното Собрание на акционерите, кои прецтставуваат предуслов за склучување на овие зделки и проследување на надлежноста за натамошна реализација на зделките на органите на управување на Друштвото.----------------
Препораката произлегува од погоренаведеното, а во врска со одредбата на член 3 од Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за содржината и формата на мислењето што овластениот ревизор го дава во постапка за одобрување на зделка со заинтересираната страна кај акционерското друштво чии хартии од вредност котираат на берзата (Сл.весник на РМ182/2015) и се изведува заклучок дека зделката е во согласност со важечките закони и прописи на РСМакедонија и истите се фер утврдени согласно

пазарните услови во моментот, како и дадените околности во сите материјални аспекти, кои одложено настапуваат по исполнување на постојниот услов за прифаќање и одобрување, од што зависи целосна дореализација на зделките со заинтересирана страна во согласност со законските прописи.-----------------------------------------------------------------------
Овој Заклучок со препораките го изградивме, освен од образложението на управните органи на Друштвото, примарно на основ на критериумите за утврдување на вредности на зделките, при што за разумно уверување во исправноста на зделките се потпревме на официјани статистички податоци на НБРМ за висината и движењето на каматните стапки на слични кредити –позајмици кои ги нудат деловните банки во моментов. Овие податоци, претставуваат релевантен доказ за нашиот заклучок поврзан со овие трансакции и употребениот критериум на не повисоки каматни стапки од просечните за слични кредитиод деловните банки о Македонија и усвоениот модел за оценка на трансферни цени помеѓу ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија и споменатите заинтересирани страни.-Воедно овој Заклучок е донесен без присуство на измама, заблуда и присила, а со цел да им послуѓи на акционерите при одлучување за одобрување на овие зделки со заинтересирани страни и се заснова на увидот во последните ревидирани финансиски извештаи на Друштвото, како и од спроведените суштински постапки во однос на зделките.----------------
Се отвори дискусија по овој Заклучок и прв за збор се јави Зоран Колев кој рече дека со оглед на тоа дека имаме мислење од надворешен ревизор кое е на список на Комисијата за Хартии од вредност лично ќе гласам позитивно за дадените предлози и сметам дека на сите акционери не им претставува пречка да барам објаснување од мнозинскиот акционер со оваа Одлука како ќе се заштита интересите на малите акционери.---------------------------------
На ова за збор се јави Јордан Трајков кој образложи дека со оглед на фактот со настаната ситуација со КОВИД 19 фирмата се наоѓа во сложена и комплексна позиција и голем е ризикот дека е можно да дојдеме во ситуација некој од доверителите да побара отварање на евентуален стечај. Менаџерскиот тим и Одборот на Директори работат на избегнување на таа ситуација но таа сепак е реалност. Јас посредно преку Друштвото ИНТЕКО сум најголем акционер, а со позајмицата што ја имам дадено сум инајголем доверител. Во неповолна ситуација ако во блиска иднина некој од доверителите би потегнал стечајна постапка и судот дозволи стечај јас би бил и сум најголем стечаен доврител на фирмата.Во таа претпоставена стечајна постапка сметам дека мојот глас во својство на доверител би имал најголем глас и во таа постапка би настојувал да бидат заштитени интересите на сите доверители и сите акционери во смисла на барање разврска на стечајна постапка и реално проценување на средствата на фирмата и обврски на фирмата што би допринеле до тоа сегашните акционери НЕ им бидат намерно или ненамерно повредени правата со таа постапка .------------------------------------------------------------------------------------------------
Бидејќи понатау за дискусија не се јави никој се пристапи кон гласање на 4(четири)предлог-Одлуки:-----------------------------------------------------------------------------
1. Одлука за одобрување на зделка со заинтересирана страна, Каде Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир КАпија има постоечка позајмица од заинтересираното лице Григори Поповски која што е со датум 31.12. 2019 година е во висина од Евра 67.860,48 (главница 60.000,оо и камата 7.860.48) и која истакува на 01. 09.2020 година, а е со 5%годишна проста каматна стапка на база од 365 дена без обезедување.-----------------------
-Каде што Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија се соочува со ликвидносна криза предизвикана од стопирањето со работата поради пандемијата на КОВИД -19 и неможност навремео да извршува плаќања по однос на финансиски обврски.------------------
-Каде што заинтересираното лице Григори Поповски има јасно искажана волја за договарање на нови поповолни услови за друштвото во однос на отплатата на позајмицата Се пристапи кон гласање по оваа Предлог-Одлука при што присутните јавно со кревање на рака од вкупните 1.503.912, „ЗА“ гласале 1.415.309, гласа, „ВОЗДРЖАНИ“ 88.603 гласа, „ПРОТИВ“нема.И се донесе следната:-------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------**О Д Л У К А**-------------------------------------------

Му се наложува на Извршниот Директор на Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија:---------------------------------------------------------------------------------------------------
Да склучи нов договор за позајмица со заинтересирано лице Григори Поповски со почеток на датумот на акционерското собрание и оваа одлука 21.09.2020 година, со пет годишен рок на враќање, со 4% годишна проста каматна стапка на база на 365 дена,а на сума со адекватно пресметана камата до денот на склучување на договорот според предходниот важечки до до тој датум договор;------------------------------------------------------------------------

Да издаде корпоративна меница како обезбедување за позајмица, а со нотаризирана извршна клаузула;---------------------------------------------------------------------------------------------

2. Одлука за одобрување на зделка со заинтересирана страна, Каде Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија има постоечка позајмица од заинтересираното лице Алексеј Поповски која што е со датум 31.12.2019 година е во висина од Евра 24.815,87 (главница 20.000,оо и камата 4.815.87) и која истакува на 01. 09.2020 година, а е со 5%годишна проста каматна стапка на база од 365 дена без обездедување.-----------------------

-Каде што Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија се соочува со ликвидносна криза предизвикана од стопирањето со работата поради пандемијата на КОВИД -19 и неможност навремено да извршува плаќања по однос на финансиски обврски.---------------

Каде што заинтересираното лице Алексеј Поповски има јасно искажана волја за договарање на нови поповолни услови за друштвото во однос на отплатата на позајмицата Се пристапи кон гласање по оваа Предлог-Одлука при што присутните јавно со кревање на рака од вкупните 1.503.912, „ЗА“ гласале 1.415.309, гласа, „ВОЗДРЖАНИ“ 88.603 гласа, „ПРОТИВ“нема.И се донесе следната:------------------------------------------------------------------

--------------------------------------------------**О Д Л У К А**-------------------------------------------

Му се наложува на Извршниот Директор на Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија:---------------------------------------------------------------------------------------------------------

Да склучи нов договор за позајмица со заинтересирано лице Алексеј Поповски со почеток на датумот на акционерското собрание и оваа одлука 21.09.2020 година, со пет годишен рок на враќање, со 4% годишна проста каматна стапка на база на 365 дена,а на сума со адекватно пресметана камата до денот на склучување на договорот според предходниот важечки до до тој датум договор;------------------------------------------------------------------------

Да издаде корпоративна меница како обезбедување за позајмица, а со нотаризирана извршна клаузула;----------------------------------------------------------------------------------------------

3. Одлука за одобрување на зделка со заинтересирана страна, Каде Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија има постоечка позајмица од заинтересираното лице Сузана Поповска која што е со датум 31.12. 2019 година е во висина од Евра 24.815,87 (главница 20.000,оо и камата 4.815,87) и која истакува на 01. 09.2020 година, а е со 5%годишна проста каматна стапка на база од 365 дена без обездедување.-----------------------

-Каде што Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија се соочува со ликвидносна криза предизвикана од стопирањето со работата поради пандемијата на КОВИД -19 и не можност на времео да извршува плаќања по однос на финансиски обврски.-------------------

Каде што заинтересираното лице Сузана Поповска има јасно искажана волја за договарање на нови поповолни услови за друштвото во однос на отплатата на позајмицата Се пристапи кон гласање по оваа Предлог-Одлука при што присутните јавно со кревање на рака од вкупните 1.503.912, „ЗА“ гласале 1.415.309, гласа, „ВОЗДРЖАНИ“ 88.603 гласа, „ПРОТИВ“нема.И се донесе следната:------------------------------------------------------------------

--------------------------------------------------**О Д Л У К А**-------------------------------------------

Му се наложува на Извршниот Директор на Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија:---------------------------------------------------------------------------------------------------------

Да склучи нов договор за позајмица со заинтересирано лице Сузана Поповска со почеток на датумот на акционерското собрание и оваа одлука 21.09.2020 година, со пет годишен рок на враќање, со 4% годишна проста каматна стапка на база на 365 дена,а на сума со адекватно пресметана камата до денот на склучување на договорот според предходниот важечки до до тој датум договор;----------------------------------------------------------------------

Да издаде корпоративна меница како обезбедување за позајмица, а со нотаризирана извршна клаузула;---------------------------------------------------------------------------------------------

4. Одлука за одобрување на зделка со заинтересирана страна, Каде Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир КАпија има постоечка позајмица од заинтересираното лице Јордан Трајков која што е со датум 31.12. 2019 година е во висина од Евра 475.127,15 (главница 321.844,52 и камата 153.282,63) и која истакува на 01. 09.2020 година, а е со 5%годишна проста каматна стапка на база од 365 дена без обездедување.-----------------------

-Каде што Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија се соочува со ликвидносна криза предизвикана од стопирањето со работата поради пандемијата на КОВИД -19 и неможност навремео да извршува плаќања по однос на финансиски обврски.------------------

-Каде што заинтересираното лице Јордан Трајков има јасно искажана волја за договарање на нови поповолни услови за друштвото во однос на отплатата на позајмицата Се пристапи кон гласање по оваа Предлог-Одлука при што присутните јавно со кревање на рака од вкупните 1.503.912, „ЗА“ гласале 1.473.759, гласа, „ВОЗДРЖАНИ“ 30.153 гласа, „ПРОТИВ“нема.И се донесе следната:-----------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------**О Д Л У К А**-------------------------------------------

Му се наложува на Претседателот на Одборот на Директори на Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија:-------------------------------------------------------------------------------

Да склучи нов договор за позајмица со заинтересирано лице Јордан Трајков со почеток на датумот на акционерското собрание и оваа одлука 21.09.2020 година, со пет годишен рок на враќање, со 4% годишна проста каматна стапка на база на 365 дена,а на сума со адекватно пресметана камата до денот на склучување на договорот според предходниот важечки до до тој датум договор;------------------------------------------------------------------------

Да издаде корпоративна меница како обезбедување за позајмица, а со нотаризирана извршна клаузула;--------------------------------------------------------------------------------------

По исцрпувањето на дневниот ред Претседавачот констатира дека Собранието заврши со Работа во 10,45 (десетичетириесетипет) часот.-------------------------------------------------

Потврдувам дека овој нотарски акт лично го составив и лично го прочитав на претседавачот на собранието и дека го предупредив на правните последици од ваквата правна работа.-------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот изјави дека ги прифаќа правните последици кои произлегуваат од оваа првана работа и дека содржината на овој нотарски акт во целост одговара на дејствијата кои се случувале во вонредното собранието на акционери на Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија, одржано на ден 21.09.2020 година.---------------------------------------

Овој Нотраски акт е составен на шест страни и се издадени изводи потполно идентични на изворникот за потребите на Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија,а Изворникот се чува во мојата архива.---------------------------------------------------------------

Нотарска такса по тарифен број 28 став 2 од Законот за судски таксиво износ од 500,оо денари наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање.--------------------

Нотарска награда согласно член 41 од Нотарската тарифа е пресметана во износ од 10.000,оо денари.-------------------------------------------------------------------------------------

**Претседавач на собранието** на Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија,Тихомир Мукаетов,с.р.------------------------------------------------------------------------

ОДУ бр. 255/20 -------------------------------------------------------------------------------------------

Неготино,21.09.2020 година.---------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Нотар

Зарија Апостолова

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА за подрачјето на Основниот суд во НОТАР ЗАРИЈА АПОСТОЛОВА НЕГОТИНО